**Арсовска веќе нема никаква врска со ВМРО ДПМНЕ, на здравје коалиција со антимакедонската и дезертерска СДС која и плаќа билборди и спотови**

Арсовска веќе нема никаква врска со ВМРО ДПМНЕ, на здравје коалиција со антимакедонската и дезертерска СДС која и плаќа билборди и спотови.

СДС ги плаќа билбордите и видеата на Арсовска, коалиција дезертерска темелена на уцени и бизнис интереси.Не поминаа неколку дена се покажаа вистинските мотиви на Арсовска, тајните средби со дезертерот Ковачевски и Зечевиќ имаат ефект, тие и ги плаќаат билбордите низ Скопје, за политичка пропаганда.

Арсовска наместо да работи се занимава со политиканство, одработува затоа што е уценета.

Арсовска свесно го загрози проектот за прочистителна станица на реката Вардар.

Таа спротивно од препораките и правилата на ЕИБ и ЕБОР сакаше да менува комисија во тек на постапка.

Заради Арсовска е загрозен проектот за прочистителна станица за Скопје, а намалена е и довербата на градот, како институција во очите на странските кредитори и даватели на грантови. И наместо да се фати за работа, Арсовска во коалиција со СДС смислува кампања и се фрлаат народни пари за билборди и спотови во ек на криза.

Народот го гледа лицемериeто на СДС и Арсовска и тоа ќе го казни.